**20242414217**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2024 година.

Бр. 08-5645/1
21 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22, 65/23 и 147/24), по членот 41-в се додава нов член 41-г, кој гласи:

„Член 41-г

По исклучок од членот 41 став 7 од овој закон, во случај на склучен анекс на договор за промена на намената на дел од средствата согласно со членот 41-в од овој закон, кога средствата согласно со склучениот анекс договор не биле целосно искористени во предвидениот рок поради објективна невозможност, односно непредвидени околности за реализирање на тековните проекти од јавен интерес, врз основа на претходно направена анализа на проценка на економската и функционалната оправданост и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за дореализирање на тековните проекти, односно за промена на намената на делот од средствата, кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

Анализата за проценка на економската и функционалната оправданост од ставот 1 на овој член ја изготвува Владата на Република Северна Македонија.

Во одлуката од ставот 1 на овој член се утврдува намената на средствата, износот на средствата кои биле потребни за спроведување на анексот на договорот за концесија склучен согласно со членот 41-в од овој закон, начинот и динамиката на реализацијата на доискористување на средствата кои не биле искористени согласно со анексот на договорот за промена на намената на дел од средствата, согласно со правата и обврските на концесионерот и концедентот утврдени со договорот за концесија и анексот на договорот за концесија склучен согласно со членот 41-в од овој закон.“.

Член 2

Одредбите од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 41-г, кои се однесуваат на можноста за склучување на анекс на договор за договорите за концесија на кои е склучен анекс на договор согласно со членот 41-в од овој закон ќе се применуваат три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Концесионерите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, имаат склучено анекс на договор за концесија согласно со членот 41-в од овој закон ќе можат да склучат анекс на договор за концесија согласно со одредбите од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 41-г во рокот утврден во ставот 1 на овој член.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.